# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка**<br>**Издавач : Општина Крива Паланка**<br>**Излегува по потреба** | **Број 16**<br><br>**30.12.2022** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 29.12.2022 година, донес

**О Д Л У К А**

**за одземање на корисничко право на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Одлука се одзема корисничкото право на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка од ЈП за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка.

Член 2

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 12 од 07.10.2022 година).

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 5088/3**
**29.12.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с,р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за одземање на корисничко право на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за одземање на корисничко право на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на 19-та седница, одржана на ден 29.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5088 /4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**30.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 14 став (1) точка (30) и (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 29.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Во Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 14 од 09.12.2022 година) членот 4 се менува и гласи:

„Предметниот објект се дава под закуп за определен временски период од 20 (дваесет) години.“

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 5088/5**
**29.12.2022 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с,р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот-деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно надавање**

1.Се објавува Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот-деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно надавање,што Советот ја донесе на
19-та седница, одржана на ден 29.12.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –5088 /6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**30.12.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Ред.бр страна

1. **Одлука за одземање на корисничко право на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка........................................................................1**
2. **Заклучок за објавување на Одлука за одземање на корисничко право на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка................................2**
3. **Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање..............................................................................3**
4. **Заклучок за објавување на Одлука за изменување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на недвижен имот - деловен објект во сопственост на Општина Крива Паланка со електронско јавно наддавање................4**